**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 64 став 1 точка 22 од Законот за Народна банка на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 3/2002, 51/2003, 85/2003, 40/2004, 61/2005 и 129/2006) и член 68 став 1 точка 4 од Законот за банките ("Службен весник на Република Македонија" бр. 67/2007), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

# ОДЛУКА
## за изменување и дополнување на Одлуката за сигурноста на информативниот систем на банката

I. Во Одлуката за сигурноста на информативниот систем на банката ("Службен весник на Република Македонија" бр. 31/2008 и 78/2008), се вршат следните изменувања и дополнувања:

1. Насловот на глава V. се менува и гласи: "V. Друштво за услуги на банката за информативен систем".

2. Во глава V. точка 24 став 1 се менува и гласи:

"Под друштво за услуги на банката за информативниот систем во смисла на оваа одлука се подразбира:

а) друштво за помошни услуги на банка чија претежна дејност е управување и водење на систем за обработка на податоци и кое врз основа на писмен договор обработува и чува податоци за банката при извршувањето на банкарските и финансиските активности; и/или
б) надворешно лице, кое врз основа на писмен договор обработува и чува податоци за банката при извршувањето на банкарските и финансиските активности " .

II. Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија.

**О.бр.02-15/II-_____/2009**
**26.02.2009 година**
**Скопје**

**м-р Петар Гошев**
**гувернер и**
**претседател**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Македонија**